

**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.„Александар Македонски"бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

Јавно комунално претпријатие КЛЕПА
Бр 01-114/1
17.12.2025 год
ГРАДСКО

# ЈКП „ КЛЕПА" ГРАДСКО

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА

# 2026

# ГОДИНА

Декември 2025

ГРАДСКО



**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.„Александар Македонски“бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

## Вовед

**Јавното Комунално Претпријатие„Клепа“ од Градско е мало претпријатие основано од Општина Градско на ден 13.06.2008год.**

Главна цел на ЈКП „Клепа“Градско е обезбедување на квалитетна и континуирана водна услуга - снабдување со вода за пиење,одведување на урбани отпадни води како и соодветна и квалитетна услуга -собирање и транспортирање на сметот од домовите и работните простории на корисниците во Општина Градско,како и водење грижа преку постојано следење и индификување на нивните потреби.

# ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2026 год НА ЈКП „КЛЕПА“-Градско

Планот за работа за 2026 год. направен е за целите и интересите на Јавното Комунално Претпријатие, локалната самоуправа и интересите на граѓаните, за подобри резултати кои ќе ги задоволат сите страни.

**Појдовни елементи врз кои ќе се изготви планот за работа се:**

1.Дефинирање на физичкиот обем на услугите;
2. Дефинирање на приходите од работењето;
3.Дефинирање на расходите при работење;
4.Целосно искористување на постоечките капацитети;
5.Економичност во работењето(ефикасно и навремено работење на операциите,намалување на трошоците по единици производ);
6.Процентуално зголемување на наплатата;
7.Остварување на предвидени работи за 2026 год.(во склоп со локалната самоуправа);
8.Инвестициско вложување и одржување за подобрување на услугите спрема населението(изградба на нови бунари и нови линии за водоснабдување на Градско и населените места);
Сите погоре наведени елементи ќе зависат од макроекономската политика на Република Македонија.



**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.„Александар Македонски"бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

## Водоснабдување и канализација

Наши основни задачи се: зафаќање,доведување,преработка и дистрибуција на вода за пиење,изведба на водоводни мрежи,канализациони мрежи,монтирање на водомерни арматури,монтирање на пумпи и нивно одржување, хлороторни апарати и нивно одржување, промена и одржување на водоводни вентили итн.

Водоснабдувањето се врши од неколку локации.

За Градско се- бушотини во атарот на село Горно Чичево,бушотини во атарот на село
Долно Градско ,бушотини во атарот на село Уланци и бушотина над свињарската фарма„Агриа„-с.Чичево.

За Виничани каптажирање на постоечките извори во атарот на село Виничани.

За Кочилари бушотини во атарот на село Кочилари.

За Ногаевци бунар во село Ногаевци.

За Водоврати бушотини во атарот на село Водоврати .

Дистрибуцијата на вода се врши преку водоснабдителен систем во должина од околу 39 км. Цевковод од различни профили и материјали за Градско.
-околу 2500 m. за Виничани и 4000m цевковод од каптажата до резервоарот;
-околу 700m. за Кочилари;
-околу 500m. за Ногаевци;

**Градско** поседува два резервоари за вода со вкупен капацитет од 650$m^3$ :

-7 пумпи со различни капацитети;
-3 хлораторни станици(апарати);
-водомерни приклучоци 650 броја;

**Виничани** има еден резервоар со капацитет од 180$m^3$.
Водата во Виничани доаѓа по природен пат.
-водомерни приклучоци има 139 броја;
-хлораторна станица(апарат);



**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.,,Александар Македонски"бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

Ова се показатели од контролните мерни инструменти за потрошена вода и ако на тоа се додадат и загубите во транспорт од 67 % се добива годишно производство на вода од 377 000 $m^3$.

Од оваа количина на населбата Градско(со Уланци и Долно Градско)изнесува 260 520 $m^3$(650кор.*20$m^3$=13 000$m^3$*12мес.=156 000$m^3$+65%загуба=260 520$m^3$);

Ногаевци,Виничани,Кочилари и Водоврати имааат потреба од 116 232$m^3$ (290кор.*20$m^3$=5640$m^3$ *12мес.=69 600$m^3$+65%загуба=116.232$m^3$);

Во 2026 година се планира низ канализационот систем да се исфрли 350 000$m^3$ фекалии.Тука не е пресметана кубикажата која се прима во канализациониот систем која произлегува од користењето на водата од сопствените бунари на граѓаните во Градско.
Виничани ,Ногаевци, Кочилари и Водоврати имаат од прилика 120 000 $m^3$ фекалии.

## Комунална хигиена

Во услугите од комунална хигиена спаѓаат:
-собирање на смет од домаќинства;
-собирање на смет од површинина правни лица,
-чистење на јавни прометни површини и негово транспортирање и депонирање до депонија,

Физичкиот обем е дефиниран преку регистрирани површини во $m^2$:

Градско
-физички лица 60 000 $m^2$;
-правни лица :-стамбен површина 12 000 $m^2$;
-дворна површина 26 000 $m^2$
-Виничани 12 510 $m^2$;
-Ногаевци 5850 $m^2$;
-Водоврати 4770$m^2$;
-Кочилари 2070 $m^2$;

Динамиката на изнесување на сметот е следнава:

-Градско и Долно Градско , неделно еднаш по улично распоредување,
-Виничани,Ногаевци , Водоврати и Кочилари еднаш во неделата.



**Јавно Комунално Претпријатие,,КЛЕПА"-Градско**
**ул.„Александар Македонски“бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

## Јавна чистота

Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Градско ја изведува
ЈКП „КЛЕПА“-Градско и е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните
површини.

Одржувањето на јавната чистота во Општина Градско опфаќа:
-јавни површини(улици,тротоари,плоштади,уредени отворени простори,паркинг простори,автобуски постојки,јавни санитарни јазли и пазари).
-парковни површини и градско зеленило;
-рачно метење на јавни површини;
-миење на јавните површини со цистерна;
-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање до општинската комунална депонија;
-рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови;

Вкупната површина за годишното одржување на јавните површини изнесува 37 120 $m^2$. Висината на надоместокот е утврден со одлуката за висина на надоместокот за одржување на јавна чистота во Општина Градско врз основа на обемот и активностите кој се изведуваат.

Надоместокот ќе го плаќаат домаќинствата и правните субјекти корисници на јавните површини . Цената по домаќинство е 50ден/фиксно, а за правните лица 100 ден/фиксно месечно.
Надоместокот за јавни површини ќе се даде на предлог од Управен одбор цената да се покачи од 50ден/фиксно на 70ден/фиксно.

## Пазари на мало

Одржувањето и управувањето на пазари на мало се врши преку ЈКП„КЛЕПА“Градско.

Општина Градско располага со следниов продажен простор:

-продажен простор од 500$m^2$,

-метални тезги 2m x 1m=19 броја.

Редот и чистотата ги врши ЈКП „Клепа“ Градско.



**Јавно Комунално Претпријатие„КЛЕПА"-Градско**
**ул.„Александар Македонски“бр.70А Градско**
**тел:043/511-335 моб:071/317-296**
**e-mail:jkp_gradsko@yahoo.com**

**95% со услугите од територијата на општина Градско.**

## Вработеност

**Јавното комунално претпријатие брои 16 вработени**, 4(четири) на неопределено време,3(тројца)на определено и 9(девет) на договор на дело.Вработеноста може да биде променлива во зависност од потребите на препријатието и условите кои налагаат зголемување на работата.

### Посебна забелешка

1.Јавното комунално препријатие„Клепа“ Градско во соработка со Општина Градско сака да намести фотоволтаици на сите бушотини за производство на струја за свои потреби,а со самото местење на истите претпријатието значително ќе ги намали трошоците за електрична енергија , што е од голема финансиска корист за самото.

2.ЈКП“Клепа“Градско има за цел да направи во село Виничани и во село Ногаевци заради подобрување на водоснабдувањето во местото.

3. Одржување и санација на веќе постоечката водоводна и канализациона мрежа.

**Потребно е да се зголеми општествената одговорност и кај граѓаните и кај правните лица да си ги плаќаат редовно сметките за да овој јавен сервис си ја врши работата како што треба за да имаат чиста и здрава животна околина и чиста и здрава вода за пиење.**

**Јавното Комунално Претријатие се стреми за намалување на трошоците за снабдување на здрава и чиста вода за пиење,подобрување на квалитетот на услугите за комуналната хигиена ,квалитетни зелени површини кои вооедно се и очекувањата на потрошувачите кои се трудиме да ги исполниме.**

**ЈКП„Клепа“-Градско**
**в.д Директор:**
**Ванчо Цветков**